# З А П И С Н И К

Од четириесет и осма седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 28.07.2025 година, (петок) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

Присутни: 11 советници.

Отсатни; Абеб Нухии, Мирослав Даиловски, Даниела Ѓорѓевска, и Агнеса Зенуни

Седницата ја отвори и со неа раководеше Председателот на Советот кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување .

Како и секогаш пред да започне Советот следуват советнички прашања, Председателот на Советот праша дали некој има нешто да додаде.

Председателот на Советот го смени редоследот на дневниот ред на 3-та и 9-тата точка со образложение дека Претставниците од Русино-Полог побараа истата точка да се качи во дневниот ред погоре (на 3-тото место) поради тоа што мораат порано да ја напуштат седницата. Потоа ќе се продолжи по истиот редослед се до деветата точка која ќе се прескочи бидејкчи че се образложува како трета.

Председателот на Советот праша дали има уште некоја измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Председателот на Советот дневниот ред го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред :

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од четириесетиосмата седница на Советот на општина Брвеница.

**2.**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишен План за вработување на општина Брвеница за 2026 година.

**3**.Разгледување и усвојување на Трет-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година.

**4**.Предлог-Одлука за усвојување на Развојните програми од Буџетот на општина Брвеница.

**5**.Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за извештаен период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.

**6**.Предлог-Одлука усвојување на Годишен извештај за работа за 2024-2025 година на ЈОУДГ ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница

**7**.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа за 2025-2026 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница

**8**.Предлог - Одлука со која се дава согласност на Предлог-Одлуката за зголемување на бројот на деца по групи за учебната 2025-2026 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница.

**9**.Предлог-Одлука за годишен план за вработување за 2026 година, (од страна на Управниот одбор на ЗЈП Русино Полог).

**10**.Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024-2025 година за ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче.

**11**.Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за 2024-2025 година.

**12**.Разгледување и усвојување Извештај за воспитно образовниот процес за учебната 2024-2025 година за ООУ „7 Марси„.

**13**.Барање за спонзорство од страна на ФК Вардар 2022 Брвеница.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и осма седница на Советот на општина Брвеница.

Председателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Председателот на Советот точката „ Усвојување на записникот од четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос на втората точка од дневниот ред „ . Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишен План за вработување на општина Брвеница за 2026 година„

Председателот на Советот збор и даде на Соодветната од општината да образложи по однос на точката.

Соодветната од општината зеде збор и кажа, како и секоја година така и оваа година согласно законот за вработените во јавниот сектор треба да се донесе најдоцна до 1 Септември треба да се донесе план за вработување, по предлог на Градоначалникот и по потреба на институцијата. Вкупно се 30 вработени од кои 27 административни службеници и 3 помошно-технички лица. Во дел 3 имаме едно лице кое ќе се пензионира, во дел 4 тука имаме нови вработувања, имаме предвидено 7 работни места, просветен инспектор, соработник за постапки за јавни набавки,

помлад соработник за постапки за јавни набавки,помлад соработник за образование, виш референт-комухален редар, овластен градежен инспректор и последното самостоен референт-технички секретар на гарадоначалникот. Ако на овој план добиеме позитивно мислење од агенција за адмонистрација, во наредната година можеме да вршиме измена, ако некое работно место не се реализира може да правиме измена на планот. Ако нешто имате нешто да прашате тука сум да ви одговорам.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Одлука со која се дава согласност на Годишен План за вработување на општина Брвеница за 2026 година „ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**III**

По однос на третата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за годишен план за вработување за 2026 година, (од страна на Управниот одбор на ЗЈП Русино Полог).

Председателот на Советот збор му даде на Претставникот од ЗЈП Русино-Полог да образложи по однос на точката.

Претставникот од ЗЈП Русино-Полог да образложи по однос на точката зеде збор и кажа, предвидените места од минатата година не се реализирани, ветено ни е наредната година од страна на министерство дека преку еден проект на владата со Берш, ќе ни донесат машинерија и предвидени се 3 возачи на камиони. Ова ни се новите три предвидени вработувања. Ако ни донесат камиони и багери можно е овие вработувања да се реализираат, ако не пак остануваме така како до сега.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Одлука за годишен план за вработување за 2026 година, (од страна на Управниот одбор на ЗЈП Русино Полог).„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Трет-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година..„

Председателот на Советот збор му даде на председателот на комисијата за финансии.

Председателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, на комисија ни беше образложено и точката помина, сега Соодветниот од општината може поопширно да ни каже.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, со овој трет ребаланс немаме нешто посебно, некои измени и вметнувања на 8 проекти за патиштата со владата и проектот за спортската сала во Челопек. Имаме покачувања 23.798.500 и тоа на позицијата 741211 кај капитални трансфери од други нивоа на власт. Со одлука на владата се доелени 12.000.00 за спортската сала во Челопек а останатите се за патишта. Износите за патиштата оваа година ќе бидат покриени со 20% од

целосната сума на проектот. Други измени од вториот до третиот ребаланса нема освен овие проекти или патишта.

На NAA програмата ќе донесеме една Одлука за развој на програма бидејќи ќе биде повеќе годишна капитална инвестиција, за спортската сала бидејќи може ќе се прави повеќе години. Ако нешто имате да прашате повелете.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Усвојување на Трет-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година..„ , ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за усвојување на Развојните програми од Буџетот на општина Брвеница. „

Председателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за финансии.

Председателот на комисијата за финансии кажа, и оваа точка помина на комисијата како и претходната.

Соодветниот од општината зеде збор по однос на оваа точка, образложи и кажа, ова е тоа што го кажав пред малку за развојната програма, тука спаѓа и начинот на финансирање за проектите во текот на наредните три години.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Одлука за усвојување на Развојните програми од Буџетот на општина Брвеница. „ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**VI**

По однос на шестата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за извештаен период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година„

Председателот на Советот збор му даде на председателот на Комисијата за финасии.

Председателот на комисијата за финансии зеде збор и кажа, и оваа точка помина на комисија, соодветниот ни објасни и ние како комисија ја прифативме точката.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, стигнавме кај вториот квартал на Буџетот, кај основниот Буџет од 225.098.000,00 што го имавме планирано со ребалансот, имаме реализација кај приходите 144.122.000,00 или во проценти 64,03 %, а кај раходите е 94.434.000,00 или во проценти 41.95 %. Кај самофинасирачкиот дел од 1.440.000 планирани реализирани имаме 756.066 или во проценти 52,5 %. Кај дотациите за школите и градинката од вкупно 142.725.191 имаме реализација

71.034.629 или во проценти 49.77 %. Кај донациите од 300.000 имаме реализација 220.000 или 73.33% или вкупно како кумулативен Буџет од 369.588.000 кај приходите имаме реализација од 217.294.000 или 58.84 % а кај расходите имаме 166.452.000 или 45.037%. Кј делот на долговите тука 33.324.000 а реално бидејќи имавме други плаќања и ни се симна негде подолу. Ако имате нешто да прашате повелете.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за извештаен период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници,, .

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука усвојување на Годишен извештај за работа за 2024-2025 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница,,

Председателот на Советот кажа, оваа точка ќе ја поминеме но со забелешка да не се случи повторно вака да нема кој да ни образложи, бидејќи ако некој од колегите сака да праша нешто кој ќе одговори на тоа. Мора да се потрудат да најдат кој ќе ја образложи точката.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа за 2025-2026 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна 8 присутните советници и еден беше воздржан.

Председателот на Советот кажа, бидејќи 6-тата точка од дневниот ред беше само извештај за извршените активностии тука нема што да менуваме ја поминавме, но за следните 2 точки од „ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница,, каде што мора да има некој да образложи и покрај тоа што беа уредно поканети, соодветните не дојдоја да образложат по истите, ги симнувам од дневен ред за некоја наредна седница каде што ќе бидат присутни.

**VIII**

По однос на осмата точка а требаше да биде 10 од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024-2025 година за ООУ „Гоце Делчев,, с.Стенче.,,

Председателот на Советот збор и даде на Претставничката од училиштетода образложи по однос на точката.

Претставничката на Училиштето зеде збор и кажа, Во учебната 2024/2025 во нашето училиште не се реализирани ученички екскурзии поради мал број на ученици што резултираше на високата цена за превозот на учениците. Но и покрај отсуството на стандардни екскурзии училиштето покажа иницијатива и вложи напор да обезбеди активности со воспитно едукативен карактер приспособеми на локалните можности и околности. Како посета на рибникот во с.Волковија, Национален парк Шар Планина, Дом на Културата Иљо Антески Смок, посета на градска библиотека Кочо Рацин и пешачења до 1км.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката „ - усвојување на Извештајот за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024-2025 година за ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче.„„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници

**IX**

По однос на деветтата точка а требаше да биде единаесетта од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за 2024-2025 година.„

Председателот на Советот збор и даде на Претставничката да образложи по однос на оваа точка.Претставничката на Училиштето зеде збор и кажа, Годишниот извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ с. Стенче за учебната 2024/2025 година ги опфаќа сите клучни аспекти од организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес, како и условите и активностите што го одбележаа изминатиот период.Наставната година започна на 2 септември 2024 година со физичко присуство. Наставата се одвиваше на македонски и албански наставен јазик, во централното училиште во с. Стенче и во подрачните училишта во с. Волковија, с. Теново, с. Радиовце и с. Гургурница. Во централното училиште, како и во подрачните училишта во Волковија и Радиовце, наставата се реализираше во една смена, додека во Теново и Гургурница – во две смени. За учениците беше обезбеден бесплатен организиран превоз преку општински автобус.Во однос на условите, училишниот простор не ги задоволува во целост потребите за кабинетска настава, но од аспект на инвентар и основна опременост, условите беа доволни за непречено одвивање на наставата.

Наставата ја реализираа вкупно 47 наставници, од кои 38 со високо образование, 1 со вишо и 6 со средно образование. Дел од наставниците (4 со високо образование) беа ангажирани од други училишта со цел да се пополни потребниот фонд на часови. Во подрачното училиште во с. Гургурница сè уште е присутна застапеност на несоодветен кадар, но се преземаат активности за подобрување на состојбата.

Наставата за учениците од I до VI одделение се реализираше по новата концепција предложена од МОН. Во учебната 2024/2025 година, таа беше проширена и на учениците од VII одделение, со

воведување слободни изборни предмети. Наставниците активно учествуваа на обуки и семинари организирани од МОН и БРО, со теми како: учење преку истражување, решавање проблеми, работа на проекти и медиумска писменост. Обука за користење на дигиталната платформа nastava.mk беше реализирана за наставниците од VI одделение.

Учениците беа навремено снабдени со учебници, а наставата беше дополнително поддржана со употреба на смарт табли и таблети. Сепак, голем предизвик претставува слабиот интернет сигнал, особено бидејќи училиштето користи интернет од операторот Т-Мобиле, кој не ги задоволува целосно потребите. Трошоците за интернет се покриваат од сопствени средства на училиштето.

Во текот на учебната година беа реализирани вкупно 180 наставни денови, со редовно спроведување на наставните програми, месечните планирања и дневните подготовки. Дополнителна и додатна настава се спроведуваше континуирано во текот на годината.

Свидетелствата за учениците од IX одделение беа доделени на 13 јуни 2025 година, за да можат навремено да се пријават за упис во средното образование преку националната платформа. Доделувањето беше организирано свечено, со поддршка на градоначалникот, кој лично им ги врачи свидетелствата и обезбеди награди за првенците на генерацијата. Учениците од останатите класови ги добија свидетелствата во текот на јули.

Екскурзии не беа реализирани поради високи трошоци и мал број пријавени ученици, но затоа беа организирани алтернативни активности – едукативни прошетки и посети на институции во блиската околина.

Учениците активно учествуваа на општински и регионални натпревари, литературни и ликовни конкурси, како и спортски манифестации. Постигнати беа значајни резултати, меѓу кои прво и трето место на регионален натпревар по биологија, и трето место на општинскиот натпревар. Во текот на годината се спроведоа и повеќе хуманитарни акции, со што учениците ја покажаа својата општествена одговорност и емпатија.

Во делот на инфраструктурата, со поддршка на Општина Брвеница беа реализирани повеќе капитални инвестиции: поставување на топлинска фасада во ПУ Теново и ПУ Волковија, реновирање на просториите во ПУ Волковија, поставување на вештачка трева на спортските терени во централното училиште и ПУ во Теново, Радиовце и Волковија, како и инсталирање на четири клима-уреди во централното училиште за подобрување на условите за греење. Во ПУ Гургурница е започнато оградување на училишниот двор. На крајот од учебната година, збирниот успех на учениците на ниво на целото училиште изнесува 4.34.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката „.Усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за 2024-2025 година.„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници.

**X**

По однос на десеттата точка а требаше да биде дванаесетта од дневниот ред , Разгледување и усвојување Извештај за воспитно образовниот процес за учебната 2024-2025 година за ООУ „7 Марси„. „ .

Председателот на Советот збор и даде на Претставничката од Училиштето да образложи по однос на точката.

Претставничката од Училиштето зеде збор и кажа, учебната година започна навремено и во текот на цела година се одвиваше без никаков проблем, по однос на екскурзиите што ни беа планирани, не сме реализирале. А што се однесува за друго во врска со докуемнтација и се што ни бесе побарано од општината ни беше се навремено испратено и завршено.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката „.Усвојување на Извештај за воспитно образовниот процес за учебната 2024-2025 година за ООУ „7 Марси„..„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници.

**XI**

По однос на единаесетата точка што требаше да бде тринаесетта од дневниот ред „   Барање за спонзорство од страна на ФК Вардар 2022 Брвеница.„

Председателот на Советот зеде збор и кажа, се работи за реновирање на гардеробата тамо каде што се одвиваат натпреварите од третата лига, нашата општина секогаш ги подржува активностите во спортот и мислам дека и овој пат да го подржуваме во истото. Врз основа на можностите и на пресметките на општината може да им помогне.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката „. Барање за спонзорство од страна на ФК Вардар 2022 Брвеница.„„..„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници.

XII

По однос на дополнителната точка од дневниот ред  „ Предлог-Одлука со која се дава согласност да се обезбедат финансиски средства или апарати без јавна набавка за потрените на ОЈП Вардар -Брвеница.„

Председателот на Советот кажа, Директорот на ОЈП Вардар сега ме информираше дека имаме уште една дополнителна точка со образложение за итноста на истата.Се работи за пумпа за водоводот во С.Челопек која има дефект. И секако во вакво топло време граѓаните несмеат да останат без вода.

Председателот на Советот збор и даде на Претставничката на ОЈП Вардар да образложи по однос на истата.

Претставничката на ОЈП Вардар зеде збор и кажа, во петокот пумпата за вода во ц.Челопек моторот на пумпата прегоре со тоа што жителите на село Челопек останаа без вода на овие високи температури. Со подршка од Градоначалникот хитно и неодложно се донесе нова пумпа за вода од истатата фирма која многу добро ја познава работата кога станува збор за вакви дефекти. Истата пумпа е монтирана во саботата, работниците дадоа се од себе, работеа до доцна и ја наместија. Сега бараме од вас позитивна одлука.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката ,,. Одлука со која се дава согласност да се обезбедат финансиски средства или апарати без јавна набавка за потрените на ОЈП Вардар -Брвеница.,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши четириесет и осма седница на Советот на општина Брвеница.

Записничар

Христина Радичевска

Претседател на Совет

Бр.08-1016/2

Бујамин Рушити

28,07.2025 год. Брвеница